**Тетовци покажале мал интерес за културните настани**

Тетовци покажале мал интерес за културните настани во изминатите 12 месеци, покажало истражувањето спроведено од НВО „Мултикултура“ од Тетово и Ода од Приштина. Дури 73 отсто не биле на концерт на класична музика, 90 отсто на џез концерт, 50 отсто не биле на концерт на народна музика. Слично е и со посетата на кино, музеј, уметничка галерија, изложба и забава со техно-музика

# Германци го снимија рисот Марко

Зоран Г. МАЏОСКИ

Рисот Марко од Маврово ќе биде главен јунак во образовно-документарен филм што зимава го сними екипа од Германија. Инспирација за филмот им биле македонските истражувачи од Македонското еколошко друштво (МЕД), кои лани, за прв пат уловија балкански рис и му ставија околувратник со уред со кој може да се следи неговото движење. Филмот за рисот Марко ќе биде прикажан наесен, за кога е планирана премиерата на германската национална телевизија.

Истражувачот Диме Мелоски беше еден од членовите на екипата што го истражуваше рисот и тој сè уште е на терен по долината на Радика. Тој еден месец се дружеше со филмаџиите и вели дека Германците биле доволно упорни и имале среќа да го снимат овој предатор на македонските планини, кој се смета за наше природно богатство. „Дневник“ лани објави приказна за рисот Марко.

Мелоски овој пат го сретнавме во долнореканското село Ве-







